ИС

Република Северна Македонија
**Министерство за економија и труд**
Државен пазарен инспекторат

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë dhe Punës**
Inspektorati Shtetëror i Tregut

**Архивски број** / Numri arkivor: 32-1161/1
**Скопје** / Shkup, 17-07-2025 година

**Записник**
**За спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инсекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19, 272/24 и 22/25) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инпектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 238/19 и 167/21), на ден 17.07.2025 година, со почеток во 13,00 часот, во службените простории на ДПИ-Скопје, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од Директорот на Државен пазарен инспекторат со арх.бр.32-1129/1 од 11.07.2025 година, се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:
1. Цветко Ристески- Помошник главен инспектор, ментор на кандидатот;
2. Елена Маневска Јовановска - виш инспектор;
3. Соња Солевска - советник инспектор и
4. Игор Вељаноски – претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Елена Гиевска, кандидат за Помлад инспектор во Државниот пазарен инспекторат, кој избра симулација на вонреден инспекциски надзор на работењето согласно Законот за трговија.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инпектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 238/19 и 167/21), при што кандидатот за инспектор Елена Гиевска изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инсекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Елена Гиевска, Комисијата ги утврди освоените бодови, и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор – 15 бодови,
- Спроведување на инспекциски надзор – 26 бодови,


Министерство за Економија и труд
Државен Пазарен Инспекторат
Ministria e Ekonomisë dhe pues
Inspektorati Shtetëror i Tregut
ул. „Луј Пастер" бр.1, Спрат 2 и 3, 1000 Скопје РСМ.
Rr."Luj Paster" nr. 1, Kati 2 dhe 3 Shkup RMV.
+3892 3220 547
www.dpi.gov.mk

- Затворање на инспекциски надзор – 26 бодови и
- Документирање на инспекциски надзор – 15 бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Елена Гиевска освои вкупно 82 бодови, со што **го положи** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:
- Почеток во 13,00 часот на ден 17.07.2025 година
- Завршување во 16,00 часот на ден 17.07.2025 година

Комисија за полагање на
практичен дел од испит

1. Цветко Ристески ____________
2. Елена Маневска Јовановска ____________
3. Соња Солевска ____________
4. Игор Вељаноски ____________


Министерство за Економија и труд
Државен Пазарен Инспекторат
Ministria e Ekonomisë dhe pues
Inspektorati Shtetëror i Tregut
ул. „Луј Пастер" бр.1, Спрат 2 и 3, 1000 Скопје РСМ.
Rr."Luj Paster" nr. 1, Kati 2 dhe 3 Shkup RMV.
+3892 3220 547
www.dpi.gov.mk